**КОНЕВА, Бојана**

УДК: 314.151.3-054.73(497.7)
343.343.62(497.7)

# ЗАЛОЖБИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА БОРБА СО НЕЛЕГАЛНИТЕ МИГРАЦИСКИ ТЕКОВИ

**Апстракт**

Македонија со бегалски кризи во својата историја се соочувала повеќе пати од нејзиното осамостојување како држава, почнувајќи од бегалската криза поттикната од конфликтот во Босна и Херцеговина, потоа бегалската криза од конфликтот во Косово, како и последната бегалска криза од конфликтот во арапските земји. Најблиска ни е бегалската криза од конфликтот во арапските земји која започна во јуни 2015 година, чиј интензитет започна да опаѓа во март 2016 година, но не застана тука. Македонија се најде пред нов предизвик за справување со новата бегалска криза. Успеа да изгради систем кој се покажа како функционален во управувањето со бегалската криза, земајќи предвид дека најчеста беше состојбата кога бегалците не ја третираат нашата држава како последна дестинација туку како транзитна дестинација. Во својата улога на транзитна земја за време на европската мигрантска криза ги покажа своите предности и недостатоци во поглед на третманот со мигрантите, подготвеност на институциите да се справат со протокот на мигранти и со кривичните дела кои настанаа како резултат на тоа масивно влегување на мигранти.

**Клучни зборови:** *мигрантска криза, транзитна земја, бегалци, институции.*

**KONEVA Bojana**

UDK: 314.151.3-054.73(497.7)
343.343.62(497.7)

# COMMITMENTS OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA TO FIGHT ILLEGAL MIGRATION FLOWS

**Abstract:** Macedonia has faced refugee crises several times in its history since its independence as a state, starting with the refugee crisis triggered by the conflict in Bosnia and Herzegovina, then the refugee crisis that happened as a result from the conflict in Kosovo, as well as the last refugee crisis from the conflict with the Arab countries. The closest thing to us is the refugee crisis from the conflict with the Arab countries that started in June 2015, whose intensity started to decrease in March 2016, but it didn't stop there.

Macedonia is faced with a new challenge to deal with the new refugee crisis. Macedonia managed to build a system that proved to be functional in the management of the refugee crisis, taking into account that the most common situation was when refugees do not treat our country as a final destination but as a transit destination. In her role as a transit country during the European migrant crisis, she showed her advantages and disadvantages in terms of the

treatment of migrants, the readiness of institutions to deal with the flow of migrants and the crimes that occurred as a result of this massive influx of migrants.

**Keywords:** *migrant crisis, transit country, refugees, institutions*

## ВОВЕД

Движењето на населението или феноменот на мигрирање е феномен стар колку и човекот и има одиграно клучна улога во оформувањето на светот каков што е денес. Во последните години миграциите станаа поважни на меѓународната агенда поради зголемена зачестеност и последиците врз меѓународните односи, вклучувајќи ја и безбедноста на државата. Поимот миграција подразбира промена на местото на постојано живеење без разлика на оддалеченоста. Потекнува од латинскиот збор „migratio" што значи селење. Ова просторно движење на населението е еден многу сложен демографски процес, а лицата инволвирани во него, меѓународното право ги има дефинирано како мигранти. Причините за ваквото движење можат да бидат економски или образовни, можат да бидат како резултат на природни непогоди, заради војна и граѓански немири или за да се избегне повреда на човековите права, закани за животот или за физичкиот интегритет.

Република Северна Македонија како земја со специфична геополитичка и геостратегиска положба, позиционирана во центарот на Балканскиот Полуостров е подложна на илегална миграција и се наоѓа на крстосницата на мигрантските рути кои водат од Азија и Африка кон Централна и Западна Европа.

За време на Европската мигрантска криза, Република Северна Македонија како и државите од Западен Балкан се соочија со масовен прилив на бегалци и мигранти кој ги надмина постоечките капацитети за прием и сместување. Со помош на меѓународните и граѓанските организации, Република Северна Македонија успеа да воспостави капацитети за привремено прифаќање на бегалците и мигрантите. Беа воведени процедури за успешен и олеснет транзит.

Во 2015 година, Владата на Република Северна Македонија започна со изградба на прифатни центри за транзити. Целта беше да се основаат јавни установи за барателите на азил, нивно прифаќање, сместување, храна, културно-забавни и рекреативни активности, социјална работа и други услуги. Познати се два транзитни центри во Македонија и тоа: „Винојуг" – Гевгелија на границата со Грција и „Табановце" кај Куманово – границата со Србија. Има и два прифатни центра: Гази Баба и Визбегово во главниот град Скопје.

Соочувајќи се со ситуација на масовен прилив на бегалци, Македонија започна со подобрување на законската и институционална рамка која ја засега оваа област.

## ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

Жртвите на кривични дела треба да бидат идентификувани и заштитени од надлежните државни органи. Секоја држава треба да им обезбеди правна помош, правно застапување и пристап до механизми за заштита на сведоци во согласност со

домашното законодавство. Нашата држава е потписник на неколку документи кои се наменети за да ги штитат правата на мигрантите и на жртвите од кривичните дела поврзани со мигранти. Македонија како резултат на европската мигрантска криза започна процес на хармонизација на националното законодавство со единствена цел да се усогласи со меѓународните стандарди од оваа област.

Закони кои се наменети за заштита на мигрантите и кривични дела поврзани со нив се: Кривичниот законик, Законот за кривична постапка, Закон за странци и Закон за меѓународна и привремена заштита.[1]

Кривичниот законик врши инкриминација на односните криминалитети – трговија со луѓе, криумчарење мигранти, организирање група и поттикнување трговија со луѓе и криумчарење мигранти и трговија со деца.

Законот за странци на жртвите на овие кривични дела им дефинира статус на странци кои престојуваат илегално на територија на Република Македонија. Со член 120 и 121 од Законот за странци е уреден статусот на жртвите на трговија со луѓе. Член 121 дава период на размислување и закрепнување што може да трае до два месеци со пристап до заштита, помош и закрепнување. Во овој период жртвата треба да соработува со надлежните органи кои се вклучени во откривање на сторителите. Овој период може да се одложи ако жртвите се малолетни.

Законот за азил и привремена заштита имаше цел да го ублажи влијанието на бегалската и мигрантската криза, а тоа беше направено со измената од 18 јуни 2015 година.[2] Со оваа измена се овозможи „легализација“ на статусот на бегалци и мигранти кои транзитираат низ Република Македонија, им се обезбеди правна основа за нивното присуство на нејзина територија, употреба на јавен превоз и хуманитарна помош. Имено, пред стапување на сила на оваа промена во законска рамка, бегалците и мигрантите кои влегуваа на територија на Република Македонија имаа само една правна можност, а тоа беше да поднесат барање за азил на територијата на Република Македонија. Но оваа опција ја имаат искористено само незначително мал број од нив од причина што нивната намера е да стигнат до земјите во Северна и Западна Европа, а Република Македонија ја гледаат само како транзитна земја. Ова особено во ситуации кога мигрантите доаѓаат од територија на Грција која е земја членка на Европската Унија, а воедно и потписничка на Шенгенскиот договор. Наместо да поднесат барање за азил тие попрво избираат да преминат преку територијата на Република Македонија на нелегален начин. Бидејќи имаа незаконски статус не беа во можност да употребат јавен превоз, па така транзитираа низ македонската територија пеш, далеку од главните патишта и ориентирајќи се по железничката линија Солун - Скопје. Резултатот од тоа што бегалците се потпираа на железничката линија како единствена можна патека беа голем број несреќи со фатални последици.

*-На 23 април 2015 година, околу 23 часот на железничката пруга Скопје-Велес, меѓу станиците Рајко Жинзифов и Пчиња се случи тешка железничка несреќа. Во оваа несреќа загинаа 14 мигранти од удар на воз кој сообраќал на релација Солун – Белград. Групата на мигранти која броела повеќе од 100 луѓе била упатена кон*

[1] Максимова, Е., Кошевалиска, О.,. Нанев, L. Криминолошка опсервација на последиците од европската мигрантска криза, Штип 2020 стр.263
[2] Објавено во "Службен весник на Република Македонија" бр. 101/2015

*северната граница. Во моментот на несреќата поголемиот дел од нив седеле на шините.*[3]

Дополнувањето на Законот за азил и привремена заштита обезбеди дополнителни правни можности за мигрантите и бегалците кои транзитираат преку територијата на Република Македонија. Покрај тоа што можат да поднесат барање за азил, бегалците и мигрантите имаат можност да ги изјаснат своите намери за барање да им се признае правото на азил.

Оваа изјава се доставува до соодветни гранични власти или каде било на територија на Република Македонија. По поднесената изјава, бегалците и мигрантите добиваат потврда што им овозможува да престојуваат легално на територијата на Република Македонија во рок од 72 часа. Во овој период тие можат да поднесат вистинско барање за азил на територија на Република Македонија или да го продолжат своето патување во должина на Западнобалканската рута.[4]

**Институции во државата кои се вклучени во борбата против кривични дела со мигрантите**

*Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција*

Владата на Република Македонија во 2001 година донесе одлука за формирање на Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција со меѓуинституционален состав и во неа има членови на Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за надворешни работи, Министерството за правда, Јавното обвинителство и судството. Нејзина обврска е да ја следи и анализира состојбата со трговија со луѓе и илегалната миграција да ги координира активностите на надлежните институции и да соработува со меѓународни и невладини организации вклучени во решавањето на проблемите во областа на трговија со луѓе. Комисијата има Секретеријат, а и Подгрупа за борба против трговијата со деца, со задача да ги извршуваат одлуките на Комисијата во состав од претставници на државни институции, амбасади, претставници на меѓународни организации и здруженија на граѓани кои активно се вклучени во борбата против трговија со луѓе и илегална миграција.[5]

Две години по формирањето на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, таа веќе имаше формирано шест локални комисии во шест различни општини и тоа: Битола, Штип, Прилеп, Тетово, Велес и Гевгелија.[6]

Национален механизам за упатување жртви од трговија со луѓе е формиран во 2005 година со цел да се обезбеди соодветна идентификација, помош и заштита на жртвите од трговија со луѓе, засновано на меѓународни стандарди. Клучна улога во

[3] https://kanal5.com.mk/14-migranti-zaginaa-vo-zheleznichka-nesrekja-na-prugata-veles-skopje/a232653
[4] Парламентарен институт ,,Ефектите на мигрантската криза во земјите од Југоисточна Европа'' – Скопје 2016 – стр.33
[5] nacionalnakomisija.gov.mk
[6] Институционална рамка – Ла Страда (lastrada.org.mk)

откривањето и борбата против овие кривични дела има Министерството за внатрешни работи и Одделот за гранични работи и миграција. Овој сектор располага со Мобилна единица за сузбивање на прекуграничен криминал и компензаторни мерки и нејзина надлежност е покривање на територија на Република Македонија со мобилни тимови на граничната линија. Надлежно тело за гонење на сторители на криумчарење мигранти и трговија со луѓе е Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.[7]

Министерството за внатрешни работи и Основното јавно обвинителство на Република Северна Македонија во 2018 година го склучија меморандумот за соработка со кој беше формирана Националната единица за борба против трговија со луѓе и илегална миграција. Во Скопје, Куманово, Битола, Гевгелија и Тетово има поставено мобилни тимови кои работат со цел да извршат идентификација на ранливите и потенцијалните категории на лица, жртви на трговија со луѓе и овде учествуваат претставници од Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика и граѓанското општество.

Усвоени се Националната стратегија и Националниот акционен план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за периодот од 2017-2020 година.

Владата на Република Македонија е посветена на спроведување на стратешки цели и активности со кои би се приближила земјата до меѓународните стандарди. Поставени се неколку приоритетни цели: подобрена и зголемена координација и соработка во оваа област, усогласување на националните политики и усогласување со политиките на Европската Унија.

Министерство за внатрешни работи – Главната улога во откривањето и сузбивањето на криумчарењето мигранти и трговија со луѓе во Република Северна Македонија ја има Министерството за внатрешни работи, односно Одделот за гранични работи и миграции. Во рамки на овој оддел функционира Мобилна единица за сузбивање на прекуграничен криминал и компензаторни мерки во чија надлежност спаѓа покривање на територијата на Северна Македонија со мобилни тимови од граничната линија. Поддршка на одделот за гранични работи и миграции обезбедува Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал преку Единицата за борба против трговија со луѓе и криумчарење мигранти надлежна за водење истраги за случаи на трговија со луѓе и криумчарење мигранти. Оваа единица од март 2018 година по склучен Меморандум за соработка помеѓу МВР и ОЈО, по одлука на Влада на РСМ прерасна во Национална единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе со цел поефикасно спроведување на истраги и откривање на организирани криминални групи кои се занимаваат со криумчарење на мигранти и трговија со луѓе. Националната единица дава поддршка на граничната полиција секогаш кога постои сомнение дека има елементи за организираност и води проактивни истраги врз основа на Стандардни оперативни процедури и Упатство за водење на криминалистички истраги. Надлежен

[7] Република Северна Македонија – Министерство за внатрешни работи (mvr.gov.mk)

орган за гонење на сторителите на кривичните дела: криумчарење мигранти и трговија со луѓе е Основното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.[8]

**Специфични политики применети од Република Македонија за олеснување на влијанието на мигрантската криза**

Покрај законските измени, Република Македонија примени голем број други политички мерки. Една од нив е тоа што на 19 август 2015 година, Владата на Република Македонија усвои одлука за постоење на кризна состојба по јужната и северната граница на Република Македонија.[9]

Со оваа одлука, Центарот за управување на кризи го активираше своето главно седиште и усвои Акциски план за превенција и управување со влезот и транзитот на мигранти низ територија на Република Македонија. Армијата можеше да им обезбеди соодветна помош на полициските сили во нивните напори за обезбедување на границите и контролирање на влезот на бегалци и мигранти на територија на Република Македонија. Ваквата одлука ја одобри и Собранието по постапка утврдена во законодавството за управување на кризи. Времетраењето на кризната ситуација најпрво беше продолжено до 15 јуни 2016 година[10], за подоцна да биде продолжено до 31 декември 2016 година.[11] Објавувањето на кризната состојба овозможи мобилизирање на дополнителни човечки и технички ресурси во напорите за управување со транзитот на бегалци. Ова овозможи воспоставување на транзитни кампови за бегалци по јужната и северната граница каде на бегалците и мигрантите им се дава хуманитарна помош. Се изгради привремена физичка бариера (двослојна ограда) по должината на јужната граница со што се намали можноста за неконтролирано и нерегистрирано преминување на границата меѓу Република Македонија и Република Грција.[12]

Во склоп на Министерството за труд и социјална политика беше формиран посебен Оддел за заштита на азиланти, мигранти, повратници од реадмисија и внатрешно раселени лица. Улогата на овој оддел е да врши услуги на информирање и упатување, услуги на стручна помош и поддршка, услуги на советување и сместување во установа обезбедува:

-згрижување

-24 часовна помош и

[8] Пачемска, Д. (2020). Геополитичкиот контекст на мигрантските рути и нивното влијание на организираниот криминал на Западен Балкан, со посебен осврт на Република Северна Македонија. Скопје стр. 89

[9] Влада на Република Македонија: Одлука за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.. 141/2015)

[10] Службен весник на Република Македонија" бр. 162/2015.

[11] Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2016

[12] Парламентарен институт ,,Ефектите на мигрантската криза во земјите од Југоисточна Европа'' – Скопје 2016 – стр.34

-соодветна поддршка од стручни лица, исхрана, облека и обезбедување здравствена заштита во зависност од утврдените потреби на корисникот кој нема услови за живеење во своето семејство или од други причини му е потребна вонсемејна заштита.

Покрај основната заштита, Одделот за заштита на азиланти, мигранти, повратници од реадмисија и внатрешно раселени лица обезбедува

- Пристап до образование
- Стекнување на животни вештини
- Работно оспособување
- Професионална рехабилитација
- Рекреативни активности
- Културни и социјални активности во зависност од потребите на корисниците на услуги.

Одделот обезбедува заштита и за лица под супсидијарна заштита и лица со статус на признаен бегалец. Одделот ги поттикнува на учество лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Северна Македонија во реализација на активностите кои придонесуваат за одржливоста на социоекономска интеграција на лица под супсидијарна заштита, лица со статус на признаен бегалец. Одделот ги упатува овие лица во постојни ресурсни центри за понатамошна грижа и заштита.

*Резолуција за миграциски политики и акциски план за 2021-2025 година*

Националното Собрание усвои нова Резолуција која има за цел да создаде институционални и други предуслови за управување со регуларните и нерегуларните надворешни миграции. Оваа Резолуција вклучува пет стратешки области и тоа: Рамка за поддршка, Сигурни и релевантни податоци за надворешни миграции, Управување со редовните миграции, Контрола и управување со нерегуларните миграции, Градење партнерства и меѓународна соработка и голем број стратешки цели.[13]

Резолуцијата за миграциски политики ги прикажува релевантните аспекти за следење и оценување во спроведувањето на мерките и активностите од миграциската политика, информирање на јавноста за целите и резултатите од миграциската политика, финансирањето и можните предизвици при нејзино спроведување. Заедно со Резолуцијата е донесен Акциски план за миграциска политика на Република Северна Македонија за периодот од 2021-2025 година, во кој се дефинирани конкретни стратешки цели кои треба да доведат до ефикасно управување со миграциски процеси како и се утврдени мерките и активностите кои ќе се спроведат за нивно исполнување.

[13] https://northmacedonia.un.org/mk/

**Активности на билатерална и мултилатерална соработка на Република Македонија во текот на мигрантската криза**

Во процесот на ефикасно управување со бегалската и мигрантската криза од 2015/2016 година Република Македонија воспостави соработка со голем број земји од Југоисточна Европа, особено оние по должина на „Западнобалканската рута" (Србија, Словенија, Хрватска), како и со земјите од Вишеградската група (Словачка, Полска, Република Чешка и Унгарија). Имено, соработката беше меѓу полициските сили на овие земји која опфаќаше споделување на информации во поглед на транзитот на бегалци и мигранти, техничка помош (донации на неопходна опрема), помош во поглед на персоналот (обезбедување персонал за воспоставување заеднички патроли по јужната граница на Република Македонија) и помош на полициските сили од овие земји за националната полиција на Република Македонија во нејзините напори за обезбедување на јужната граница.

Македонија нема склучено конкретен регионален договор за криумчарење мигранти и трговија со луѓе. Во овој поглед можеме да ја споменеме само Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа, која ги покрива сите аспекти на соработка меѓу агенциите за спроведување на законот во врска со сите форми на криминал – меѓу кои и криумчарењето мигранти и трговијата со луѓе.[14] Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа ги обврзува договорните страни да ја зајакнат соработката во врска со борбата против заканите за јавната безбедност како и во однос на превенцијата, откривањето и полициските истраги на кривичните престапи. Регионалните договори им наметнуваат обврски само на државите што се нивни страни но истите може да им дадат на сите земји корисен увид во стандардите кои се развиваат. Може да придонесат кон развивање на обичајното меѓународно право за конкретно прашање или област.

На меѓународен план Македонија има свои меѓународни партнери со кои соработува: Меѓународната организација за миграции (ИОМ), Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Меѓународен центар за развој на миграциски политики (ИЦМПД), МАРРИ, УНХЦР, Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ), Програмска канцеларија на Совет на Европа во Скопје, Делегацијата на Европската Унија, УНИЦЕФ, Амбасадата на САД во Скопје итн.

Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година и Протоколот за статусот на бегалци од 1967 година се единствените глобални правни инструменти кои ги покриваат најважните аспекти од животот на бегалците. Во согласност со нивните одредби, бегалците заслужуваат, во најмала рака, еднакви стандарди на третман кои ги уживаат и другите странски државјани во дадена земја. Во многу случаи, пак, еднакви стандарди како и државјаните на таа земја.[15]

Конвенцијата е правно обврзувачки документ кој за прв пат дефинира индивидуални поими како бегалец, кој всушност може да добие правен статус на

[14] Службен Весник на РМ бр. 74/2007 од 14.06.2007год.
[15] THE 1951 CONVENTION relating to the Status of refugees and its 1967 PROTOCOL, UNHCR, September, 2011

бегалец и на кој начин, каква правна заштита ужива признатиот бегалец. Исто така, таа ги дефинира и обврските на бегалецот кон земјата во која тој се наоѓа.

Столбот темелник на Конвенцијата за статус на бегалци е принципот на неповратност. Според овој принцип, бегалецот не треба да биде вратен во земја во која тој/таа се соочува со сериозни закани кон неговиот/нејзиниот живот и/или слобода. Овој принцип може да не важи за бегалци кои се разумно сметани за опасни по безбедноста на земјата – домаќин, биле осудени за сериозни кривични дела, или пак се сметаат за опасност по заедницата.

Освен ова, сметано за едно од најважните права кои еден бегалец може да ги ужива, настрана загарантираните лични права, бегалците уживаат и низа други права вметнати во одредбите на Конвенцијата:

- Право да не биде протеран, освен под одредени, строго определени услови[16];
- Право на вдомување[17];
- Право на пристап до судовите[18];
- Право да не биде казнет за нелегален влез на територијата на држава – потписничка[19];
- Право на работа[20];
- Право на образование[21];
- Право на јавно олеснување и помош[22];
- Право на слобода и религија[23].

## Меѓународни договори кои Македонија ги има прифатено во врска со криумчарењето мигранти и трговијата со луѓе

Мигрантската криза овозможи да се појават два вида на кривични дела поврзани со мигрантите.[24] Првата група се кривични дела на нашите државјани извршени кон мигрантите. Втората група се кривични дела извршени од страна на мигрантите и овде имаме неколку подоблици: кривични дела од мигранти кон други мигранти, кривични дела од мигранти сторени кон наши државјани, кривични дела кои ги вршат дел од мигрантите со цел да им помогнат на нашите, домашни сторители на кривични дела и кривични дела со кои не се нанесува штета на некое лице (пр. Фалсификување

[16] Чл.32, Конвенција за статус на бегалци од 1951год.
[17] Чл. 21, Конвенција за статус на бегалци од 1951год.
[18] Чл. 16, Конвенција за статус на бегалци од 1951год.
[19] Чл. 31, Конвенција за статус на бегалци од 1951год.
[20] Чл. 17-19, Конвенција за статус на бегалци од 1951год.
[21] Чл. 22, Конвенција за статус на бегалци од 1951год.
[22] Чл. 23, Конвенција за статус на бегалци од 1951год.
[23] Чл. 4, Конвенција за статус на бегалци од 1951год.
[24] Е.Максимова, О.Кошевалиска. Л.Нанев (2020)- ,,Криминолошка опсервација на последиците од европската мигрантска криза’’ Штип- стр.253

исправа). Најбројни кривични дела се недозволените минувања на државните граници кои ги вршат мигрантите, криумчарењето мигранти кое го вршат организирани криминални групи (овде често се инволвирани наши домашни државјани) и трговија со луѓе.

Република Северна Македонија преку своите институции надлежни за борба против илегалната миграција и организираниот криминал поврзан со криумчарење мигранти ги почитува меѓународните договори за постапување со лица мигранти и жртви на трговија со луѓе, во рамки на кои се уредени постапки, процедури и начини на обезбедување помош и заштита.

Трите главни меѓународни договори кои се директно поврзани со трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти, а кои ги има склучено нашата држава се: Конвенцијата на Обединети нации против транснационален организиран криминал (УНТОК), Протокол на ОН за трговија со луѓе и Протокол на ОН за криумчарење мигранти, сите склучени во декември 2000 година.

Конвенција на Обединети нации против транснационален организиран криминал (УНТОК) - Оваа Конвенција е централен инструмент во пакетот договори изготвени за решавање на транснационалниот организиран криминал. Целта на неа е да промовира меѓудржавна соработка за поефикасна борба против транснационалниот организиран криминал. Нејзина примарна обврска е инкриминирање на конкретно однесување:

-учество во организирана криминална група

-перење на приходите од криминалот

-корупција во јавниот сектор

-попречување на правдата.

Постојат два главни предуслова за примена на УНТОК а тоа се: 1. Релевантниот пристап мора да биде сериозен и да има транснационален аспект и 2. Да вклучува организирана криминална група.

Протокол на ОН за трговија со луѓе – Протоколот на ОН за спречување, сузбивање и казнување трговија со луѓе, особено жени и деца, ја надополнува Конвенцијата на Обединети нации против транснационалниот организиран криминал.

Тој влезе во сила во 2003 година и негова цел е државите да ја инкриминираат трговијата со луѓе, спречување и борба против трговијата со луѓе со посебно внимание на жените и децата, помагање на жртвите од таа трговија со заштита на нивните основни права и промовирање соработка меѓу државите за остварување на овие цели.[25]

Протокол на ОН за криумчарење мигранти – Целите на Протоколот на Обединети нации против криумчарење мигранти на копно, море и воздух, со кој се надополнува Конвенцијата на Обединети нации против транснационален организиран криминал се:

[25] Пачемска, Д. (2020). Геополитичкиот контекст на мигрантските рути и нивното влијание на организираниот криминал на Западен Балкан, со посебен осврт на Република Северна Македонија. Скопје стр.86

-Спречување и борба против криумчарење мигранти како и промовирање соработка меѓу државите-страни за таа цел;

-Инкриминирање на „криумчарењето мигранти“,

-Поттикнување на меѓународна соработка за спречување на криумчарењето мигранти,

-Усвојување законодавни и други мерки за казнување на криумчарите,

-Меѓусебна размена на информации за рутите и идентитетот на организираните криминални банди вклучени во криумчарењето, легислативни искуства и практики и научно-технички искуства корисни за органите за спроведување на законот,

-Зајакнување на граничната контрола за спречување и откривање на криумчарењето мигранти без повреда на меѓународните обврски за слободно движење на луѓето.[26]

## Правни обврски на Македонија

Меѓународното право за човекови права налага властите да обезбедат безбедни и хумани услови кога се држат лица во притвор. Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (МПГПП), кој Македонија го има ратификувано, налага сите лица кои се лишени од слобода да бидат третирани со хуманост и со почитување на неприкосновеното достоинство на човекот (член 10)[27].

МПГПП, Конвенцијата против тортура и Европската конвенција за човекови права забрануваат тортура и суров, нехуман или деградирачки третман исто како и Конвенцијата за правата на детето. Европскиот суд за човекови права утврдил дека пренатрупаноста во затворските ќелии и во притворските установи, недостигот на природна светлина и вентилација, недоволната храна, несоодветна медицинска нега или незадоволителните услови за хигиена и санација, недозволувањето секојдневно вежбање надвор и недостигот на душеци и кревети, сето заедно за времетраењето на притворот претставуваат деградирачки третман.

Специјалниот известувач за тортура при ОН заклучил дека комбинацијата на лишување од слобода и негирањето на основните права, како што се: правото на храна, вода, здравствена нега, минимум простор, хигиена и приватност е еднаква на систематска практика на нехуман или деградирачки третман или казнување.

Меѓународните стандарди од договорите на Обединетите нации што се однесуваат на третманот на затвореници или притворени мигранти укажуваат дека тие треба да имаат пристап до простории и средства потребни за исполнување на специфични хигиенски потреби на жените и редовно снабдување со вода.

---

[26] Пачемска, Д. (2020). Геополитичкиот контекст на мигрантските рути и нивното влијание на организираниот криминал на Западен Балкан, со посебен осврт на Република Северна Македонија. Скопје стр.87

[27] Меѓународен пакт за граѓански и политички права (МПГПП), усвоен на 16 декември 1966 година, со Резолуција на Генералното собрание бр. 2200А (XXI)

Македонија е земја кандидатка за членство во ЕУ и од неа се очекува постепено да ги хармонизира своите закони со оние на ЕУ, вклучително и оние во однос на притворот. Правото на ЕУ налага притворените баратели на азил да имаат пристап до отворен простор и да им се овозможи да комуницираат и да бидат посетени од УНХЦР, невладините организации, правни советници и членови на семејството.

Европскиот комитет за спречување тортура и нехуман или деградирачки третман или казнување утврдил дека пренатрупаноста, несоодветната здравствена нега, непристапноста до санитарни простории и простории за миење и недостигот на хигиенски предмети за жените можат да претставуваат нехумани и деградирачки услови во притвор.[28] Европскиот комитет за спречување тортура го посети центарот Гази Баба во октомври 2014 година. Во јуни 2015 година, Комитетот против тортура при ОН ги искажа своите грижи во врска со притворањето мигранти во Гази Баба каде што според пријавите, условите во притворот се еднакви на нехуман и деградирачки третман што претставува повреда на Конвенцијата.

Комитетот ја повика Македонија веднаш да преземе мерки за да стави крај на нехуманите и деградирачки услови на притворот во Гази Баба. Да се подобрат животните услови во притворските установи, да се постигне сообразност со барањата од член 10 и да се намали пренатрупаноста.

Европската конвенција за човекови права не гарантира право на азил. Тоа подразбира дека Европскиот суд за човекови права нема надлежност да одлучува дали на едно лице правилно или погрешно му било одбиено барањето да биде признаено како бегалец. Сепак, иако правото на азил не е содржано во Конвенцијата нејзиниот судски механизам ефикасно го штити од повреда најважниот елемент на ова право, а тоа е непротерување или невраќање на лицето во земја во која можат да му бидат повредени фундаменталните права. Може да заклучиме дека и покрај тоа што ниту едно од правата од Европската конвенција за човекови права не е посебно наменето за заштита на баратели на азил и бегалци, тие лица можат да добијат заштита според повеќе одредби на Конвенцијата. Членот 2 и членот 3 од Конвенцијата спречуваат отстранување на лицето кое би довело до соочување со вистински ризик од смрт, односно тортура или друго нечовечко или понижувачко постапување или казнување. Протоколите бр. 6 и бр. 13 штитат од протерување или предавање на лицето во земја во која може да му биде изречена смртна казна. Членот 8 од Конвенцијата спречува разделување на семејствата согласно правото на почитување на приватниот и семејниот живот. Членот 6 може да спречи отстранување на странец во земја каде што тој или таа се соочува со флагрантно ускратување на праведно судење. Членот 5 од Конвенцијата го уредува лишување од слобода, вклучувајќи лишување од слобода на мигранти и баратели на азил. Членот 1 од протоколот бр.4 ги уредува ограничувањата на слободата на движење кои не претставуваат лишување од слобода, додека членот 4 од истиот протокол забранува колективно протерување на странци.[29]

[28] Совет на Европа, Европски комитет за спречување тортура и нехуман или деградирачки третман или казнување, Втор генерален извештај

[29] https://refugeelaw.mkg – Мигранти низ призмата на човекови права

**ЗАКЛУЧОК:**

Бегалската криза ја зафати Република Северна Македонија неподготвена, ставајќи ја пред нов предизвик за справување со стотици илјади луѓе кои доаѓаа од различни краишта на светот на сосема непозната територија. Голем дел од нив воопшто немаа слушнато за Македонија како држава. Сепак, државата ги даде сите напори во справување со ситуацијата.

Имавме измени во Кривичниот законик со клаузула за неказнување на жртвите од трговија со луѓе, измени на Законот за азил и привремена заштита од осумнаесетти јуни 2015 година, се зголемија ресурсите за заштита на жртвите, Владата потпиша договор со соседните земји – Косово, Црна Гора и Србија за прашања поврзани со трговијата со луѓе, се формираа истражни тимови со соседните држави. Формирањето на Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе е уште еден доказ за сериозниот пристап на институциите во справувањето со организираниот криминал кој настана како резултат на протекот на мигранти.

Се подобри меѓународната соработка на оперативно, тактичко и стратешко ниво, со учество во голем број меѓународни иницијативи. Ова резултираше со сузбивање на неколку организирани криминални групи со меѓународен криминал.

Миграциите се појава која ја имало, ја имаме моментално и ќе ја има во иднина. Тие се одраз на нееднаквост, неправилна распореденост на ресурси, го зголемуваат јазот меѓу богатите и сиромашните, меѓу развиените земји, земјите во развој и неразвиените. Ограничување на движењето на мигрантите води кон појава на организиран криминал и на криминални групи кои профитираат на грбот на мигрантите.

Се додека светот не се ослободи од репресии, конфликти, политичка нестабилност и економска нееднаквост, сигурно ќе продолжи движењето на населението.[30]

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:**

https://kanal5.com.mk/14-migranti-zaginaa-vo-zheleznichka-nesrekja-na-prugata-veles-skopje/a232653

https://northmacedonia.un.org/mk/

THE 1951 CONVENTION relating to the Status of refugees and its 1967 PROTOCOL, UNHCR, September, 2011

Максимова, Елена, Кошевалиска, Олга и Нанев, Лазар (2020) *КРИМИНОЛОШКА ОПСЕРВАЦИЈА НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ЕВРОПСКАТА МИГРАНТСКА КРИЗА*, Proceedings of 7th international conference "Social Changes in the Global World", 7 (7). pp. 251-268

Меѓународен пакт за граѓански и политички права (МПГПП), усвоен на 16 декември 1966 година, со Резолуција на Генералното собрание бр. 2200А (XXI)

Национална Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција на Република Северна Македонија (2001год) - nacionalnakomisija.gov.mk

[30] Пол Д. Вилијамс - ,,Студии по безбедност’’ – 2012год.

Парламентарен институт ,,Ефектите на мигрантската криза во земјите од Југоисточна Европа'' – Скопје 2016

Пачемска, Д. (2020). Геополитичкиот контекст на мигрантските рути и нивното влијание на организираниот криминал на Западен Балкан, со посебен осврт на Република Северна Македонија. Скопје

Службен весник на Република Македонија" бр. 162/2015.

Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2016

Службен Весник на РМ бр. 74/2007 од 14.06.2007год.